| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Будење на природата |
| **Содржина на денот** | Предвесниците на пролетта |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Снежана Цветковска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Поттикнување на психо-физичкиот развој кај децата. Осознавање на значењето на здравјето и оспособување на детето да се грижи за сопственото здравј.е |
| **Активности** | Со детето слушајте ја песната за зима „Снегче" -Поточоња 2017 и разговарајте за зимата.<br>https://www.youtube.com/watch?v=cARMGLtDrjs<br>Потоа набљудувајте слики или илустрации од цветни растенија (кокиче, качунка...) (слика бр.1,2). Опишете го нивниот изглед, каде растат, кога расцутуваат, објаснете му на детето дека ни ја навестуваат пролетта.<br>Потоа обидете се со детето да направите кокиче и качунка. Материјали кои што ќе ви бидат потребни за работа- зелени цевки за сок, самолеплива хартија, лепило и картон. На свитканиот дел од едната цевка залепете 3 бели ливчиња и 2 зелени листови на стеблото за кокичето (слика бр.3,4). На друга цевка од обратната страна на цевката залепете по неколку розеви или жолти листови за цветот на качунката. Поставете ги на картон,а околу нив залепете малку бел памук како снег. |